# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ПРИЛЕП

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 21 Октомври 2004 година Службен гласник број 9 Овој примерок чини 50 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп 300020000209652 ЕДБ 4021996117695 |



***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОЦИТЕ ПО ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА РЕАЛИЗИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ ОД ПРВАТА ФАЗА НА ПРОЕКТОТ ОД ГРАНТОТ НА KFW БАНКА**

1. Заклучоците по информацијата за реализираните активности од првата фаза на проектот од грантот на KFW банка, се објавуваат во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 08 - 1391/1 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 21.10.2004 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Сашо Пирганоски |

Врз основа на член 26 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 18.10.2004 година, разгледувајќи ја Информацијата за реализација на активностите од првата фаза на проектот од грантот на KFW банка, ги донесе следните:

**З А К Л У Ч О Ц И**

1. Се усвојува Информацијата за реализираните активности од првата фаза на проектот од грантот на KFW банката.
2. Советот на Општина Прилеп, оценува дека успешно се рализирани активностите за реализација на грантот од страна на ЈП "Водовод и канализација" Прилеп.
3. Советот на Општината потврдува дека навремено ќе ги реализира обврските и активностите и ќе ги донесе потребните акти од својата надлежност согласно Договорот за финансирање на грантот потпишан помеѓу KFW банка, Владата на Република Македонија и ЈП "Водовод и канализација" - Прилеп.
4. Заклучоците да се достават до: Градоначалникот на Општина Прилеп , Владата на Република Македонија, Министерство за финансии, KFW банка и ЈП "Водовод и канализација" и архивата на Општина Прилеп.
5. Заклучоците ќе се објават во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 07 - 1360/2 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 18.1 0.2004 година | на Советот на Општина Прилеп |
| **П р и л е п** | **Борис Ристески** |

**АКТИ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ**

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 4/96, 28/97, 18/99, 53/01 и 45/02) член 22 став 1, точка 1 и член 50 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02)), член 14 и член 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/03), Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**О Д Л У К А**

за организирање на Јавна анкета по Нацрт - Детален урбанистички план за **УАЕ 10 - Урбан блок 10, урбан модул** 1 во Прилеп, со граници ул."Борис Кидрич", ул."Крушевска" и ул."Крсте Петков - Мисирков"

Член 1

Со оваа Одлука се организира Јавна анкета за донесување Нацрт - Детален урбанистички план за **УАЕ 10 - Урбан блок 10, урбан модул 1** во Прилеп.

Член 2

Соопштението за организирање на Јавна анкета ќе биде објавено во јавно гласило.

Член 3

Јавната анкета ќе трае 10 дена од денот на објавувањето на Соопштението.

Член 4

Нацртот на Детален урбанистички план на Прилеп за **УАЕ 10 - Урбан блок 10 урбан модул 1,** ќе биде изложен на јавно место.

Член 5

Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на Анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1342/1 — ОПШТИНА ПРИЛЕП
15.10.2004 година — ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
П р и л е п — Градоначалник
Сашо Пирганоски

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 4/96, 28/97, 18/99, 53/01 и 45/02) член 22 став 1, точка 1 и член 50 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02)), член 14 и член 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/03), Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**О Д Л У К А**

за организирање на Јавна анкета по Нацрт - Детален урбанистички план на Прилеп за **УАЕ 13 - Урбан блок 13, урбан модул "2"** со граници ул."Скопска", ул."Моша Пијаде", ул."Сотка Ѓорѓиоски" и ул."Орде Чопела"

Член 1

Со оваа Одлука се организира Јавна анкета по Нацрт - Детален урбанистички план на Прилеп за **УАЕ 13 - Урбан блок 13, урбан модул "2".**

Член 2

Соопштението за организирање на Јавна анкета ќе биде објавено во јавно гласило.

Член 3

Јавната анкета ќе трае 10 дена од денот на објавувањето на Соопштението.

Член 4

Нацртот на Детален урбанистички план на Прилеп за **УАЕ бр. 13 - Урбан блок 13 - урбан модул "2",** ќе биде изложен на јавно место.

Член 5

Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на Анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1349/1 — ОПШТИНА ПРИЛЕП
18.10.2004 година — ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
П р и л е п — Градоначалник
Сашо Пирганоски

# С О Д Р Ж И Н А
## на "Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 9 од 21.10.2004 година

1. Заклучоци по информацијата за реализираните активности од првата фаза на проектот од грантот на KFW банка, се објавуваат во "Службен гласник на Општина Прилеп"........................................................................................ **Стр. 1**

## АКТИ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

1. Одлука за организирање на Јавна анкета по Нацрт - Детален урбанистички план за УАЕ 10 - Урбан блок 10, урбан модул 1 во Прилеп со граници: ул."Борис Кидрич", ул."Крушевска" и ул."Крсте Петков - Мисирков"...............**Стр. 2**

2. Одлука за организирање на Јавна анкета по Нацрт - Детален урбанистички план за УАЕ 13 - Урбан блок 13, урбан модул "2" со граници: ул."Скопска", ул."Моша Пијаде" Ул."Сотка Ѓорѓиоски и ул "Орде Чопела"........................................................................................................ **Стр. 2**

Издава: Општина Прилеп. Главен и одговорен уредник: Сашо Пирганоски – Градоначалник на Општина Прилеп. Дизајн и компјутерска обработка: Горица Чатлеска. Печати: Служба за стручни и административни работи. Тираж: 50 примероци.